**849.**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за метрологијата („ Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/2011, 6/2012 и 164/2013) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТУВАЊЕТО НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА И ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија " бр. 51/2004, 64/2008 и 121/2010) во членот 5 став 1 зборовите "што ги исполнуваат определените услови" и зборовите "во нивните простории" се бришат.

Ставот 2 се брише.

**Член 2**

Членот 6 се менува и гласи:

"Во случај кога верификацијата на мерила се врши кај правни лица кои се акредитирани за соодветната област согласно стандардот EN ISO/IEC 17020 или стандардот EN ISO/IEC 17025, надоместокот за верификација на мерилата што ги врши Бирото за метрологија се намалува за 50% од висината на надоместокот утврден согласно со член 3 став 1 на оваа одлука. "

**Член 3**

Членот 7 се менува и гласи:

"Во случај кога верификацијата на мерила се врши кај правни лица кои не се акредитирани за соодветната област согласно стандардот EN ISO/IEC 17020 или стандардот EN ISO/IEC 17025, надоместокот за верификација на мерилата што ги врши Бирото за метрологија се утврдува во согласност со член 3 став 1 на оваа одлука. "

**Член 4**

Членот 8 се брише.

**Член 5**

Во член 11 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите "-Биро за метрологија".

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-937/1
31 јануари 2014 година
Скопје

Заменик на претседател
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.